**МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА**
**бр. 02-1211**

**З А П И С Н И К**

**Од 108-ма седница на Програмскиот совет на ЈРП Македонска Радио Телевизија одржана на 20.02.2020 година.**

| |
|---|
| **ПРИСУТНИ ЧЛЕНОВИ НА ПРОГРАМСКИОТ СОВЕТ:** проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац Претседател на Програмскиот совет на МРТ, Ведат Мемедалија-Зам.Претседател на Програмскиот совет,м-р Јагнула Куновска,Снежана Клинчарова,Селпин Керим,Ивана Трајковска,м-р Ристе Панов,Илир Рамадани,Косана Николиќ Мазнева, Анита Латифи и Златко Јанковски. |
| |
| **ОТСУТНИ ЧЛЕНОВИ:** д-р Агим Лека и Гајур Рамадани. |
| |
| **ДРУГИ ПРИСУТНИ:** Дарко Стефановски-Претседател на Надзорниот одбор на МРТ и Слаѓана Миливојевиќ-Претседател на Синдикална организација при МРТ. |

Седницата започна во 12:15 часот.

Претседателката на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го прочита доставениот дневен ред пред присутните.
Програмскиот совет го разгледа предложениот Дневен ред.
Програмскиот совет по расправта со 9 гласа ЗА и 2 гласа ПРОТИВ го усвои Дневниот ред.

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Разгледување и усвојување на Записникот од 107-ма седница на Програмскиот совет на МРТ.

2. Разгледување на иницијатива за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ.

3. Разгледување на одлуки и известувања од Комисијата за избор на програмски содржини.

4. Разно.

**ТОЧКА1:Разгледување и усвојување на Записникот од 107-ма седница на Програмскиот совет на МРТ.**

Претседателот на Програмскиот Совет на МРТ Смилка Јанеска Саркањац го стави на разгледување записникот од 107-ма седница на Програмскиот Совет на МРТ.
Во расправата по запиникот од 107-ма седница на Програмскиот совет на МРТ со забелешки се јавија членовите Златко Јанковски и Ивана Трајковска.
Златко Јанковски со забелешка и со реакција дека односот на менаџментот на МРТ и членовите на советот кон прашањето со договорот за копродукција за проектот „Дајте музика" остава сомнеж за нетранспарентно и неправилно постапување,и во продолжение повторно побара да бидат доставени доказите кои морале задолжително да бидат обезбедени пред да се исплати договорот, а кои се однесуваат на регулација на авторски,интелектуални и други права поврзани со конкретниот договор за копродукција.
По расправата записникот од 107-ма седница на Програмскиот совет беше ставен на гласање.
Програмскиот совет **го усвои** запсиникот од 107-ма седница на Програмскиот совет на МРТ со забелешките.

**ТОЧКА 2:Разгледување на иницијатива за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ.**

Воведно излагање по оваа точка имаше Слаѓана Миливојевиќ претседател на Синдикалната организација при МРТ која образложи пред присутните членови дека поради поефикасна и директна примена на законските прописи Синдикалната организација на МРТ поднесе Иницијатива за измена и дополнување на Колективниот договор на МРТ со која се врши еден вид усогласување со измената на висината на минималната плата во државата.Слаѓана Миливојевиќ објасни дека за истото на состанок е запознат и Директорот на МРТ од кој усно е добиено одобрение на иницијатавиата на Синдикатот.
За оваа иницијатива посочи Слаѓана како синдикат сме исто така на псимено обратени и до Министерството за информатичко општество и администрација на РМ,Државната комисија за спречување на корупција, како и до гранковиот синдикат на индустрија енергетика и рударство на кој припаѓа МРТ.
Членот на советот Златко Јанковски по однос на иницијативата на Синдикатот на МРТ истакна дека усогласеноста со минималната плата во државата не е само проблем на МРТ туку и на многу други јавни и државни институции,тужби на вработените се можни но мора да се земат предвид неколку аспекти, прво не може советот како орган да решава само врз основа на добра волја да се помогне на вработените,мора сето ова да е поткрепено со пишани документи врз основа на законски прописи,а не на усмени ветувања од било кој.Второ дали смее законски да се прават измени и дополнувања на ваков документ во време кога имаме распишани избори, и трето сериозноста на потпишување на ваков документ од моментот кога е потпишан иститот побарано е да се вршат неколку измени до сега.
Членот на советот Ристе Панов истакана дека ние треба да извршиме промена на суштината на челнот 67 со бод а не да се врзуваме на минимална плата, односно со одлука да се формира висина на бод во Колективниот договор на МРТ.
Ивана Трајковска со забелешка дека не е постапено и по предходниот Заклучок од Програмскиот совет на МРТ со кој се задолжува Директорот да изнајде решение околу предходните проблеми во Колективниот договор,па поради тоа додека нема одговор по овој Заклучок не гледам причина да продолжиме со распрева по оваа точка.
Заменик претседателот на советот со миселење дека за ова треба да предходат повеќе документи како поткрепа од Надзорниот одбор на МРТ и од Директорот на МРТ,и тоа што сме во изборен процес и тоа го отежнува дополнително целиот процес и треба како тело да бидеме повнимателни во овој перидо со носење на било какви одлуки.

По расправата по оваа точка беа предложени **3** (три) Заклучоци:
●Програмскиот совет на МРТ го задолжува Надзорниот одбор на МРТ да го разгледа барањето на Синдикалната орагнизација при МРТ со бр.03-1146/1 од 14.02.2020 година за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ, и по истото да достави писмено мислење до Програмскиот совет на МРТ
-Заклучокот беше усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

●Програмскиот совет на МРТ го задолжува Директорот на МРТ да го разгледа барањето на Синдикалната орагнизација при МРТ со бр.03-1146/1 од 14.02.2020 година за измена и дополнување на Колективниот договор на ЈРП МРТ, и по истото да достави писмено мислење до Програмскиот совет на МРТ.
-Заклучокот беше усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

●Програмскиот совет на МРТ ги задолжува Директорот на МРТ да достави Информација зошто сеуште не е постапено по Заклучокот на Програмскиот совет на МРТ со бр.02-600/3 од 24.01.2020 година, за изнајдување на конечно решение за проблемите околу Колективниот договор на МРТ.
-Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 3:Разгледување на одлуки и известувања од Комисијата за избор на програмски содржини.**
Пред прсутните членови на советот а согласно правилата и начинот за спроведување на јавни конкурси и начинот и постапката за набавка на аудио и аудиовизуелни дела беа доставени пристиганитите понуди по јавниот повик, како и Одлуки за избор од пријавените предлог проекти.

По разгледување на истите Програмскиот совет на МРТ предложи Заклучок:
●Програмскиот совет на МРТ го задолжува Одговорниот уредник на Прв програмски сервис на МТВ по однос на доставените Одлуки за избрани проекти со бр.02-392/4 од 17.01.2020 година, бр.02-1036/3 од 07.02.2020 година, и бр.02-769/3 од 31.01.2020 година, да достави на увид до Програмскиот совет на МРТ и копии од договорите кога истите ќе бидат склучени.
-Заклучокот беше едногласно усвоен од страна на Програмскиот совет на МРТ.

**ТОЧКА 4:Разно**
По оваа точка не се одржа расправа.

Седницата заврши во 14:10 часот.

Записничар:
А.Алулоски

Програмски совет на МРТ

проф.д-р Смилка Јанеска Саркањац
претседател